БИСКУП СКОПСКИ - EPISCOPUS SCOPIENSIS
ЕПАРХ СТРУМИЧКО-СКОПСКИ - EPARCHA IN STRUMICA-SKOPJE

Бр. 150-105/2024

Скопје, 10 декември 2024 год.

**РЕДОВЕН ЈУБИЛЕЈ 2025 ГОДИНА**

**ДЕКРЕТ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ЈУБИЛЕЈНИ ЦРКВИ**

Со булата од 9 мај 2024 година насловена „*Spes Non Confudit*", односно „*Надежта не разочарува*" папата Фрањо официјално ја прогласи Јубилејната 2025 година. Тема за престојниот јубилеј е „*ходочесници на надежта*", послужувајќи се со зборовите од посланието на светиот апостол Павле до Римјаните: „*Надежта не разочарува*" (*Римјаните 5, 5*). Јубилејната година или Света година, како што уште се нарекува, се одбележува на секои дваесет и пет години од страна на Универзалната црква како време посветено на молитва со цел повторно да се воспостави правилен однос со Бога, еден со друг и со целото создание.

Официјално Јубилејната 2025 година ќе започне со отворањето на Светата врата на базиликата Свети Петар, на Бадник 24 декември 2024 година, и ќе трае до празникот Богојавление, 6 јануари 2026 година, со затворање на Светите врати.

Согласно булата „*Spes Non Confudit*", во нашата локална црква Јублејната врата во катедралата „*Пресвето Срце Исусово*" – Скопје ќе биде отворена во недела 29 декември 2024 година, на празникот на Светото семејство, и на Бадник, 6 јануари 2025 година во 21 часот во катедралата „*Успение на Пресвета Богородица*" во Струмица, а завршува на 28 декември 2025 година.

Според булата за прогласување на Редовниот јубилеј 2025 година и Декретот на Апостолската покорничарница за доделување потполн опрост во јубиелјната 2025 година, од 13 мај 2024 година, се дозволува на диецезанските епископи да ги одредат светите места, каде верниците ќе можат да добијат духовна корист поврзана со јубилејот 2025 година. Со овој

**ДЕКРЕТ**

**ги одредувам**

во текот на целата јубилејна 2025 година за Скопска бискупија и Струмичко-скопска епархија следните цркви за јубилејни места:

- **Катедрала „Пресвето Срце Исусово" – Скопје**
- **Катедрала „Успение на Пресвета Богородица" – Струмица**
- **Светилиште „Мајка Божја - Утешителка" – Паљурци**
- **Светилиште „Света Мајка Тереза" во НУ Спомен куќа на Мајка Тереза**

Иако ова е глобална прослава, Светиот Отец ги повикува бискупиите-епархиите ширум светот да го одбележат јубилејот на свој единствен начин. Во духот на заедништвото со Универзалната Црква се надевам и верувам дека во парохиите, монашките заедници и црковните движења ќе се случат низа различни пасторални и молитвени настани во текот на јубилејната година, кои ќе бидат за доброто на Божјиот народ и ќе влеат нова надеж во ова наше време.

Свештениците нека бидат на располагање за Светата Тајна Исповед посебно за *„време на претстојниот јубилеј, враќајќи ја надежта и простувајќи секогаш кога некој грешник ќе пристапи со отворено срце и скрушена душа“* (Spes Non Confudit, 23). *Продолжете да бидете орудија за помирување и помогнете да се погледне во иднината со надеж во срцето што доаѓа од милосрдието на Отецот* (*сп. исто*).

Препорачувам до крајот на оваа година или во текот на првиот месец од следната година, во секоја парохија, монашка заедница и црковно движење, верниот народ да биде запознаен со важноста и значењето на Јубилејната година со посебен осврт на условите за добивање потполн опрост.

Секоја парохија нека одреди датуми за ходочестие во јубилејните места во Македонија и истите нека ги испрати до ординаријатот, најдоцна до 31.01.2025 година.

Препорачувам и воедно ги охрабрувам паросите, самостојно или заедно, да организираат ходочестие во Рим за парохјаните, со можност и за разни тематски групи, според распоредот за ходочестие издаден од Дикастеријата за евангелизација. Подетални информации за организирање на ходочестието и за самиот Јубилеј 2025 можете да најдете на следната интернетска страница: www.iubilaeum2025.va

Избраната тема *„Ходочесници на надежта“* не охрабрува сите ние да бидеме гласници на надежта во нашиот многу неизвесен свет, на кој му е потребна надеж која произлегува од искусената Божја љубов.

Да чекориме заедно во верата, надежта и љубовта како *„Ходочесници на надежта“*.

Со благослов

+ Киро Стојанов
скопски бискуп и
струмичко-скопски епарх

_Прилог:_

- була
- одредби за опрост